**Интерактивна База на податоци на Косовски Полициски Сервис**

Овој информациски систем базира на управување на базата со податоци на Косовскиот Полициски Сервис (KPS). Едната апликација се користи за пристап до базата од локалната корпорациска мрежа во централниот оддел на KPS (KPS HQ), додека другата WEB апликација пристапува до базата преку Internet, WEB серверот и WEB апликацискиот сервер.

WEB серверот и пресотанатиот дел на корпорациската мрежа, вклучувајќи го и Database серверот се заштитени со Firewall, кој го проверува секој комуникациски пакет со цел да се оневозможи неовластен пристап до корпорациската мрежа.
Поради неможноста да се имплементира соодветна WAN инфраструктура, дел од системот функционира преку Internet. Тоа ја наметнува потребата за обезбедување на соодветна заштита со имплементирање на т.н. Public Key Infrastructure (PKI) со организирање на соодветен Сертификациски авторитет (CA), задолжен за доделување на сертификати на авторизираните корисници на системот.

Секој корисник добива Сертификат кој се инсталира на неговиот WEB прегледувач како и одредена привилегија со која се дефинираат неговите права за пристап до соодветните податоци во базата, со што системот му овозможува пристап до одредени страни до кои тој има право на пристап.
Database серверот и WEB серверот се имплементирани на посебни компјутери поради зголемена безбедност на системот, за поедноставно одржување како и за понатамошна надградба. Клиентите се поврзуваат на WEB апликацискиот сервер корситејќи го HTTPS протоколот од било кој компјутер кој што има TCP/IP адреса со што е овозможен пристап до серверите кои што се заштитени позади Firewall.

Во продолжение е даден глобален графички приказ на системот.



*Развојна SW платформа*

- Database Server- SQL Server 2000
- WEB Server – MS Windows 2000 Server , IIS , Domain Controller (DC), Active Directory services & Certificate Authority (CA) services
- Client’s browser & OS – MS Internet Explorer , MS Windows 2000 Pro.
- Client-server application - Borland DELPHI
- WEB server application – Delphi Web-Snap over MS ASP

*Крајни корисници*

- Kosovo Police Service Main HQ - Prishtina
- Kosovo Police Service Regional HQ’s
- Police Stations in Kosovo